Централен депозитар за хартии од вредност
Ц Д Х В АД
Бр. 01 – 753/1
27.02.23
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

**Февруари, 2023 година**

## Содржина

1. Вовед 3
2. Деловно окружување 4
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2022 година 6
4. Членки на Депозитарот 13
5. Активности во делот на информатичката технологија 15
6. Правни и нормативни активности 18
7. Меѓународна соработка 23
8. Едукативни и промотивни активности во текот на 2022 година 26
9. Други активности во текот на 2022 година 28
10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 32
11. Остварени финансиски резултати во 2022 година 34

## 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (Депозитар) во текот на 2022 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:
1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање";
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:
1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

## 2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност, во текот на 2022 година ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Како и во другите земји, така и кај нас, големо влијание имаа последиците предизвикани од енергетската криза, порастот на цените на производите и услугите, зголемената стапка на инфлација и воениот конфликт во Украина.

Според анализите на ММФ објавени во јануари 2023 година, воениот конфликт во Украина, глобалната борба против инфлацијата и зголемениот број на COVID-19 случаи во Кина продолжуваат да ја отежнуваат глобалната економска активност во 2022 година, а се очекува да имаат негативно влијание и во 2023 година. Глобалниот раст проценет на 3,4% во 2022 година се очекува да се намали на 2,9% во 2023 година, пред повторно да порасне на 3,1% во 2024 година. Ваквите проекции се резултат на зголемените каматни стапки од страна на централните банки како мерка за сузбивање на инфлацијата, чие целосно сузбивање не се очекува да биде пред 2024 година, како и војната во Украина која нанесе негативен ценовен шок на глобалната трговија. Растот на трговијата се предвидува да се намали на 2,4% во 2023 година, и покрај тоа што се олесниja проблемите со синџирите на снабдување, додека во 2024 година се очекува да се зголеми на 3,4%. Негативен раст на БДП или на БДП по глава на жител, нешто што често се случува за време на глобална рецесија, не се очекува во текот на 2023 година.

Глобалните економски текови кои и минатата година беа тешко погодени од глобалната економска криза и војната во Украина се одразуваа индиректно и на финансиските пазари преку изразена непредвидливост и волатилност на цените на финансиските инструменти. Ваквите состојби влијаеа и на случувањата на Македонската берза, која од своја страна не е имуна на настаните на развиените пазари.

Депозитарот своите активности во 2022 година ги остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните податоци на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од февруари 2023 година, макроекономските податоци упатуваат на забавен раст на домашната економија во третиот квартал од 2022 година која забележа реален раст од 2% на годишна основа, што претставува забавување во однос на растот од 4% во претходниот квартал. Во овој период дојдоа до израз неповолните ефекти од енергетската криза и од растот на трошоците врз одредени сектори од економијата, што доведе до забавен економски раст. Овие ефекти предизвикаа пад на индустриското производство, пред сè во сегментите коишто се енергетски најинтензивни (металната индустрија и вадењето руди на метал), а дополнително и преку продлабочување на падот во градежништвото. Истовремено, засили закрепнувањето на услужниот сектор (трговија, транспорт и угостителство) чии остварувања во истиот период од 2021 година беа послаби поради пандемијата на ковид-19, кога важеа рестрикции и построги услови за патување. Дополнителен позитивен придонес имаат дејностите во врска со недвижен имот, уметноста, земјоделството, финансиските дејности и дејности на осигурување, како и „стручни, научни и технички дејности; административни и

помошни услужни дејности". Во четвртиот квартал од 2022 година, годишната стапка на инфлација достигна 19,3% (17,2% во претходниот квартал). Најголем ефект врз ваквата динамика и натаму има зголемениот придонес на цените на храната врз инфлацијата, надополнет од нагорниот тренд на базичната инфлација, која во четвртиот квартал во 2022 година изнесува 9,8% (7,9% во претходниот квартал). Очекувањата на аналитичарите се во иста насока, според кои тие предвидуваат стапка на инфлација од 7,8% во 2023 година и 4,3% во 2024 година (во септември се очекуваше стапка на инфлација од 7,1% во 2023 година и 4,4% во 2024 година).

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година е забележан надолен тренд. Вредноста на берзанскиот индекс за акции (МБИ-10) на крајот на годината изнесуваше 5.652,33 индексни поени. Од почетокот на годината, забележан е пад на МБИ-10 индексот од 8,14%. Вкупната пазарна капитализација на крајот од годината изнесува 214.275.753.577 денари, а остварениот промет изнесува 7.444.117.438 денари (пад од 42,08% во однос на 2021 година).

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 153.321,8 милиони денари. Споредено со крајот на 2021 година, состојбата на државните хартии од вредност е повисока за 7.012,87 милиони денари и истото произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници за 4.915,74 милиони денари, како и зголемување на состојбата на државните записи за 2.097,13 милиони денари.

## 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2022 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2022 година:

Активни издавачи во системот на ЦДХВ, со состојба 31.12.2022 година

| | 31.12.2022 | 31.12.2021 | % |
|---|---|---|---|
| Издавачи | 439 | 439 | 0,00 |

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2022 година

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| Акции | 461 | 386.874.730 | 218.801.974.052 |
| Обврзници | 200 | 48.686.248 | 121.514.576.163 |
| Останати ХВ | 21 | 3.510.786 | 35.107.860.000 |

Сметки на иматели

Структура на сметки во системот на ЦДХВ, по типови сметки, со состојба на ден 31.12.2022 година

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2022 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2022 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 246.375.470.825 | 1,31 | 61.681 | -1,29 |
| Портфолио сметка | 91.422.430 | -37,53 | 125 | 4,17 |
| Застапничка сметка | 34.736.742 | -7,43 | 4 | 33,33 |
| Старателска сметка | 74.102.672.593 | 12,52 | 32 | -8,57 |
| Други сметки | 54.820.107.624 | -0,66 | 2.835 | -0,56 |

Структура на иматели

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2022 година

| Инвеститор | 31.12.2022 | 31.12.2021 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 60.067 | 60.841 | -1,27 |
| Домашни правни лица | 1.754 | 1.792 | -2,12 |
| Странски физички лица | 913 | 919 | -0,65 |
| Странски правни лица | 148 | 151 | -1,99 |

Утврдување и порамнување на трговски трансакции

*Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2022 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2022 година (МКД) | Вредност 2021 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 7.458.684.285 | 12.851.748.361 | -41,96 |
| Количина ХВ | 16.692.938 | 20.850.713 | -19,94 |
| Број на трансакции | 17.282 | 20.639 | -16,27 |

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2022 година по членки – берзански посредници:




Од 01.07.2019г. започна новиот начин на порамнување, со што се овозможи членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2022 година, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):




Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2022 година по членки – берзански посредници:




На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2022 година, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):



*Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2022 година (МКД) | Вредност 2021 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 60.566.278.887 | 5.376.140.372 | 1.026,58 |
| Количина ХВ | 6.356.190 | 535.810 | 1.086,28 |
| Број на трансакции | 128 | 25 | 412,00 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 7 учесници на продажна страна и 7 учесници на куповна страна.

<u>Нетрговски преноси на хартии од вредност</u>

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2022 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| Основ | 2022 година | 2021 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 1.246 | 1.319 | -5,53 |
| Подарок | 317 | 290 | 9,31 |
| Судска одлука | 17 | 1 | 1.600,00 |

<u>Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот</u>

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2022 година:

| Активност | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 14 | 8 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 14 | 8 |
| Нови емисии-акции на постоечки АД | 14 | 13 |
| Нови емисии-корпоративни обврзници на постоечки АД | 2 | - |
| Евидентиран стечај на АД | 7 | 7 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 3 | 2 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 2 | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 1 | 2 |
| Поделба на акции | 1 | - |
| Останато | 9 | 8 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2022 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2022 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| Активност | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 27 | 23 |
| Копија од акционерска книга | 34 | 39 |

Постапки за јавни понуди

Во текот на 2022 година првата јавната понуда на хартии од вредност беше првата емисија на корпоративни обврзници издадени од СН Осигурителен брокер АД Битола, одобрена од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Од понудените 8.000 корпоративни обврзници, продадени се вкупно 7.583 хартии од вредност за износ од 75.830.000,00 денари. На ден 01.03.2022 година во Депозитарот е спроведен упис на корпоративната обврзница со ISIN MKSNOB200014 и номинална вредност од 10.000 денари по обврзница, на сметката на купувачите.

Во текот на 2022 година успешно е спроведена и постапка за продажба на сопствени акции, издадени од Шпаркасе банка АД, одобрена со Решение за давање одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија од јуни 2022 година. Заклучно со 28.06.2022 година од понудените 1588 сопствени акции, продадени се сите акции за износ од 4.665.544,00 денари. На ден 29.06.2022 година во Депозитарот е спроведен пренос на 1588 обични акции со ISIN MKINBA101012 и номинална вредност од 2.670 MKD по акција, на сметката на купувачот.

Во ноември 2022 година, Депозитарот склучи Договор со Општина Штип за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност издадени од издавачот Општина Штип.

Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ

Во месец јануари 2022 година Депозитарот со Друштвото за производство, трговија и услуги ГРИНИНГ ДОО Скопје, склучи на Договор за вршење на услуги во постапката за преземање на Друштвото за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско. На ден 30.03.2022г до Депозитарот е доставено Известување за исходот на понудата за преземање според кое, понудата е прифатена од 1 (еден) акционер за кој е евидентирано ограничување на вкупно 706.110 обични акции, што претставува 51,01 % од вкупно издадените обични акции на издавачот ВАРДАР АД Градско со ISIN MKVARG101016. На почетокот на месец април 2022ра година врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ со кое се утврдува за успешна понудата за преземање на акции издадени од ВАРДАР АД Градско во целост се спроведе постапката за преземање на овој издавач од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРИНИНГ ДОО Скопје. Заклучно со 07.04.2022г. целосно беа спроведени исплати кон акционерот кој ја прифати понудата за откуп на неговите акции од страна на понудувачот.

Во вториот квартал од 2022ра година до Депозитарот од страна на двајца преземачи – физички лица, доставена е Намера за преземање на друштвото СН Осигурителен брокер АД Битола и потоа е склучен Договор за вршење на услуги во постапката за преземање на Друштвото. Согласно Решението на Комисијата за хартии од вредност на РСМ со кое се утврдува за успешна понудата за преземање на акции издадени од овој издавач од 20.05.2022г, во целост се спроведе постапката за преземање на СН Осигурителен брокер АД Битола од страна на двајцата преземачи – физички лица. Заклучно со 25.05.2022г. целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачите, согласно доставените изјави од страна на Инвестброкер АД Скопје. На сметката на преземачите беа пренесени вкупно 6816 обични акции, што претставува 24,976% од вкупниот број на обични акции издадени од Осигурителното брокерско друштво СН Осигурителен брокер АД Битола.

<u>Исплата на дивиденда за акционерите на Окта АД Скопје</u>

Депозитарот склучи Договор за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на ОКТА АД Скопје и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи бр. 05-2224/1 од 30.05.2022 година, по што се преземаа низа активности предвидени со одредбите од договорот.
Согласно Договорот, во Дирекцијата за Информатичка технологија се изврши пресметка на дивиденда и данок како и автоматско генерирање на Swift пораки за нивна исплата и автоматско генерирање на известувања до акционерите кои до рокот на исплатата не доставиле информации за трансакциските сметки за исплата на паричните средства.
Износот на бруто дивиденда по акција изнесува 73 МКД, при што од страна на издавачот се уплатени средства во бруто износ од 61.784.280 МКД на наменската сметка на Депозитарот во НБРМ.
Согласно Договорот, во тек на третиот квартал извршени се нето исплати до акционерите како и исплата на данок кон УЈП во два рока и тоа на 27.07.2022г. и 30.09.2022г. Исплатени се вкуно 839.217 акции (1.114 акционери) во вредност од 61.262.841 МКД.
Преостанатиот износ на паричните средства кој не е исплатен за 7.143 акции (198 акционери) во вредност од 521.439 МКД, е вратен на сметката на издавачот Окта АД Скопје.
Согласно Договорот за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Окта АД Скопје за 2021 год. и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи, од страна на Депозитарот испратени се известувања до акционерите кои до моментот на пресекот на акционерската книга за исплата на дивидендата не доставиле информации за трансакциските сметки за исплата на паричните средства.

<u>Активности во врска со државни хартии од вредност</u>

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во

табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2022 година:

| | Број на емисии во 2022 година | Износ (МКД) | Број на емисии во 2021 година | Износ (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| **Нови емисии на државни хартии од вредност** | | | | |
| 3 месечни записи | 1 | 100.000.000 | - | - |
| 12 месечни записи | 21 | 35.107.860.000 | 20 | 33.010.730.000 |
| Државни обврзници | 18 | 10.010.760.000 | 17 | 22.355.690.000 |
| **Вкупно** | **40** | **45.218.620.000** | **37** | **55.366.420.000** |
| **Достасувања на државни хартии од вредност** | | | | |
| 3 месечни записи | 1 | 100.000.000 | - | - |
| 12 месечни записи | 20 | 33.010.730.000 | 16 | 32.242.980.000 |
| Државни обврзници | 7 | 5.095.020.000 | 6 | 4.679.370.000 |
| **Вкупно** | **28** | **38.205.750.000** | **22** | **36.922.350.000** |
| **Пресметки на купони од државни обврзници** | | | | |
| Државни обврзници | 171 | 3.193.273.478 | 160 | 2.826.710.609 |

Во текот на 2022 година се запишани вкупно осумнаесет државни обврзници од кои, според рочноста, се запишани една тригодишна и седумнаесет државни обврзници со рочност од петнаесет години. Шест од регистрираните обврзници се со девизна клаузула, а останатите дванаесет се без девизна клаузула.

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија, извршени се повеќе активности. На 25.05.2022 година е издадена Обврзница за денационализација - Дваесет и прва емисија во износ од 6.000.000 EUR. Обврзницата е дистрибуирана на сметките на 399 физички лица и на 7 верски објекти. По регистрирањето на обврзницата, имателите се известени со доставување на Изводи од сметки на адресите регистрирани во системот на Депозитарот.

Во текот на 2022 година е извршена и пресметка на рати и камати од обврзниците за денационализација од Единаесетта до Дваесетта емисија, а истовремено целосно доспеаа Обврзниците за денационализација Единаесетта емисија.

## 4. Членки на Депозитаротт

Членки-берзански посредници

Во текот на 2022 година бројот на членки-берзански посредници остана непроменет споредбено со 2021 година. Имено, во Депозитарот членуваа 10 членки-берзански посредници, од кои 5 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2022 | 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТН | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

Контрола на членките-берзански посредници

Во текот на месец декември 2022ра година извршена е контрола на работењето на следните членки на Депозитарот: Иново брокер АД Скопје, Инвест брокер АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје.

Првичен критериум за утврдувањето на трите членки-берзански посредници кои ќе бидат предмет на контрола беше членката да не била контролирана последните две години. Врз основа на овој критериум утврдени беа четири членки и тоа:

- НЛБ Банка АД Скопје (контролирана 2019та година).
- Инвест брокер АД Скопје (контролирана 2019та година).
- Иново брокер АД Скопје (контролирана 2019та година).
- Комерцијална банка АД Скопје (контролирана 2018та година).

Со оглед дека врз основа на првичниот критериум се утврдени 4 членки, земен е дополнителен критериум од избраните берзански посредници-банки, на листата за контрола, да влезе членката која подолг временски период не била контролирана, односно во конкретниот случај Комерцијална банка АД Скопје.

Контролата е извршена од страна на тим составен од еден правник и еден вработен во Депозитарот со познавања од областа на информатичка технологија. Предмет на контролата беше: увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување, уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот, како и уредноста на документацијата за отворање на сопственички сметки.

Согласно изготвените Записници од извршената контрола, кај ниту една од членките не се утврдени неправилности во поглед на предметот на извршената контрола. За резултатите од спроведената контрола известена беше КХВ.

Членки-Чувари

Во текот на 2022 година во Депозитарот се евидентирани 4 членки-чувари чиј статус остана непроменет во текот на целата година.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2022 | 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КБС | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | СБС | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | СПС | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | ТНС | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

ОТЦ-членки

Во текот на 2022 година, во Депозитарот членуваа 12 ОТЦ членки, односно бројот на членки остана непроменет споредбено со 2021 година:

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2022 | 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | SK | СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | TU | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | UN | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | IV | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | IK | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 6 | AL | СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | TT | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | KB | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. | √ | √ |
| 9 | SL | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | IP | КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | PK | ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 12 | SB | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА | √ | √ |

## 5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извршувани во Депозитарот во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2022 година беа преземени и следните активности:

Анализа за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем на Депозитарот

Со цел да се опфатат што е можно повеќе информации Депозитарот и во текот на 2022 година продолжи со активностите околу Анализата за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем. Главна цел на анализата беше да се лоцираат разликите помеѓу системот на словенечкиот депозитар, кој е предмет на разгледување, и системот на Депозитарот и врз основа на истата се доставија нови прашања до сопствениците на лиценците на софтверот, по што се одржани уште неколку онлајн состаноци на кои беа разгледувани новоотворени прашања или произлезени како резултат на претходно дискутираните теми, а се од особена важност и интерес.

Во рамките на овие активности, претставници на понудувачот го презентираа понудениот софтвер и пред членовите на Одборот на директори на Депозитарот, на начин што ги претставија компаниите, а особено нивните референци за клиенти од финасиската индустрија. Понатаму беше презентиран понудениот систем од аспект на неговата модуларност, флексибилност и скалабилност, достапност и ефикасност, концептите на кои се заснова архитектурата на системот, интеграцијата, сигурноста како и усогласеноста со меѓународните стандарди.

Во последниот квартал на 2022 година, Депозитарот изработи Резиме на Анализата за потребите и можностите за новиот систем, кое беше презентирано пред Комисијата за хартии од вредност. Посебен осврт беше даден на специфичностите на системот на Депозитарот и разликите во функционалностите со софтверот на понудувачот, технолошките специфики на системот, неговата усогласеностсо европската регулатива и меѓународните стандарди, имајќи предвид дека се применува во земја членка на ЕУ, а беше дискутирано и за прописи кои треба да претрпат измени доколку се смени концептот на работа на Депозитарот во поглед на повторното воведување на можноста еден имател да има повеќе сопственички сметки во еден депозитар.

Активности поврзани со Дистрибутивниот систем на ЦДХВ

Во текот на 2022 година вработени од ИТ Дирекцијата на ЦДХВ изврши ја надградба на Дистрибутивниот систем за иматели и издавачи на хартии од вредност за потребите на Управата за јавни приходи на РСМ. Со оваа надградба се овозможи обезбедување на податоци од системот на ЦДХВ кои се однесуваат на сопственоста над хартии од вредност, заради спроведување на надлежностите на УЈП во согласност со Законот за даночната постапка и Законот за Управата за јавни приходи. Во првата фаза на овој проект се направи анализа на потребните измени на изворниот код на апликацијата развиена во Microsoft .Net технологија, при што се дефинираа и сите измени и дополнувања на постојните функционалности на системот кој беше првично наменет само за потребите на имателите и издавачите на хартии од вредност. По утврдувањето на измените, се пристапи кон развој на

нова верзија на апликацијата согласно утврдената техничка спецификација. За тестирање се креираше тест околина и се направија тест сценарија во кои беа опфатени новите функционалности на системот. По успешното тестирање, а согласно планот за надградба, новата верзија на апликацијата беше инсталирана во продукциска околина.

Disaster Recovery локација на Депозитарот и спроведени тестирања

Во текот на 2022 година во ЦДХВ се извршија неколку успешни тестирања на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси поврзани со ЦДХВ АД Скопје во услови на кризна ситуација, кога нивното спроведување треба да се извршува од резервната локација на Депозитарот.

Во третиот квартал покрај вработените во ИТ Дирекцијата на ЦДХВ во тестот учествуваа и 16 надворешни учесници: Народна банка на Република Северна Македонија, Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и 10 Членки на ЦДХВ – берзански посредници и 4 Членки на ЦДХВ – чувари на имот.

За успешно спроведување на тестирањето беа испратени инструкции до сите учесници содржани во документот: Постапка за тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси поврзани со ЦДХВ АД Скопје во кој е даден опис на тестот, целите, претпоставките, подготвителните активности, контакт податоци на учесниците во тестирањето, како и детални инструкции за тестирањето на системот на ЦДХВ АД Скопје.

Како дел од тестирањето беше направена и проверка на протокот и достапноста на комуникациските линкови на учесниците со резервната локацијата на ЦДХВ. Тестирањето се одвиваше без никаков проблем.

Во текот на 2022 година редовно се спроведувани интерни квартални тестирања на функционалностите на системот на Депозитарот на Disaster Recovery локацијата, каде во тестирањето учествуваа вработените во ЦДХВ.

Активности во врска со надградба на ИТ центрите на МБХВ и ЦДХВ

Во насока на преземање на неопходните активности за спроведување на Договорот за стратегиска соработка во ИТ областа помеѓу ЦДХВ и МБХВ од 27.03.2018г., во последниот квартал од 2022 година започна постапката за набавка на нова опрема која технички треба да ги задоволи потребите за функционално работење на двете институции. Предмет на набавката беа три серверски машини, еден дисков систем за складирање на податоци (Storage), два мрежни уреди (Network switch), софтверски програм OEM Windows Data Center 2022, стандардна поддршка и сервис за 5 години на оваа опрема, како и инсталација и миграција на постојната опрема на новата. По успешно спроведеното прибирање на понуди и нивна евалуација како најповолна се избра Понудата на компанијата Неоком АД Скопје за опрема од брендот HP.

Одржување на хардверска и мрежна опрема и комуникациски линии

Во текот на годината спроведени се редовните годишни одржувања и тестирања на исправноста и функционалноста на сите хардверски уреди примарно дедицирани за одржување на систем салата на Депозитарот како и операторските простории, согласно договорите склучени со надворешните компании.

Вршени се редовни квартални тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРСМ.

## 6. Правни и нормативни активности

***Учество во работни групи за изготвување на легислатива***

Измени на Законот за трговските друштва
Депозитарот во текот на 2022 година активно учествуваше во подготовка на измените на Законот за трговските друштва. Имено, предлог измените се однесуваат на додавање на нови одредби за принуден откуп на акции и право на принудна продажба на акции, холдинг друштво и концерни, договори меѓу друштвата и приклучени друштва како тип на коцерн.

Нов Предлог на Закон за трговски друштва
Во последниот квартал на 2022 година Депозитарот зема активно учество во изработката на Предлог на нов Закон за трговски друштва преку претставници номинирани во работна група. Од страна на Депозитарот беа дадени забелешки на предлог текстот на новиот закон, за кој предвидено е да биде донесен до крајот на 2023 година.

Нацрт-Закон за финансиско обезбедување
Во текот на првата половина од 2022 година Депозитарот достави до Министерството за финансии коментари на нацрт-верзијата на Законот за финансиско обезбедување која е усогласена со Директивата за аранжмани за финанасиски колатерал (2002/47/ЕС, и измени и дополни 2009/44/ЕС и 2014/59/EU). Беше одржан и состанок со претставници на Министерството за финансии на кој се дискутираа образложенијата на коментарите на Депозитарот во поглед на корелацијата на одредбите од Нацрт Законот со актуелната регулатива – Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициски фондови, Законот за договорен залог и Законот за стечај.

Измени на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност
Претставници на Депозитарот во соработка со Министерството за финансии и Македонската берза во третиот квартал од 2022 година активно работеа на предлог измените на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност. Потребата за предлог измените се јавува како резултат на котацијата на државните хартии од вредност на Македонската берза за хартии од вредност и потребата од регулирање на начинот на пресметка на акумулираната камата за трансакции склучени на берзата.

Оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност согласно Законот за личен доход
Во текот на 2022 година, Депозитарот како членка на *Комисијата за хартии од вредност во рамките на Македонската банкарска асоцијација* активно учествуваше во дискусиите и изработката на Иницијативата за одлагање на примена на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност согласно Законот за личен доход. Како главни причини за потребата од дополнително одложување на примената на оданочувањето кое стапи на сила од 01.01.2023г беа нагласени: негативното влијание на економските и неекономски фактори на македонскиот пазар на хартии од вредност во изминатите три години, малото учество на домашните физички лица во тргувањето со хартии од вредност и незначителните фискални ефекти од наплатата на овој данок, како и сложената административна постапка за пресметка, задржување и уплата на данокот.

Со оглед дека Министерството за финансии опстои на ставот за воведување на капитална добивка од хартиите од вредност започнувајќи од 2023 година, во последниот квартал од годината претставници на Депозитарот учествуваа на повеќе работни средби заедно со засегнати институции и субјекти, во подготовка на измените на Законот за данок на личен доход. Се очекува, во првиот квартал од 2023та година ЦДХВ да учествува во изработка на подзаконски акт кој ќе го уредува начинот на известување и податоците кои ќе бидат доставувани до Управата за јавни приходи на годишно ниво.

<u>Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа</u>
Во соработка со Министерството за финансии, Депозитарот активно учествуваше во анализата на примената на измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, во делот на издавање на структурна обврзница како еден од инструментите на финансирање. Имено, согласно предлог измените на Законот, структурната обврзница претставува инструмент за обезбедување на финансиски средства за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски од страна на општините, истата ќе може да се тргува на секундарниот пазар, а ќе може да се користи за подмирување на обврски кон Управата за јавни приходи и за подмирување на други јавни давачки од страна на општините.

***Акти кои подлежат на согласност на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија***

<u>Измени и дополнувања на Тарифата на ЦДХВ АД Скопје</u>

Имајќи ги предвид предизвиците за обезбедување на одржливо, безбедно и современо функционирање на институцијата во следниот период, во текот на 2022 година беа интензивирани активностите за анализирање на потребите и можностите за зголемување на дел од надоместоците кои ги наплаќа Депозитарот од корисниците на своите услуги. Анализирани беа остварените приходи и расходи од минатите години, бројот на клиенти издавачи на хартии од вредност, бројот на сметки за хартии од вредност кои се одржуваат, порастот на статистичките показатели и структурата на приходите на депозитарите од регионот.
Новата *Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на депозитарот и корисниците на неговите услуги*, како интегрален нов акт беше донесена на седницата на Одборот на директори на Депозитарот одржана на 04.04.2022 година.
Некои од тарифните броеви за надоместоци кои се наплатуваат за услуги од физички и правни лица како сопственици на хартии од вредност не беа зголемени подолг период station наназад, а за некои услуги воопшто не беа воведени надоместоци.

Заради горенаведените причини, беа анализирани:

- остварените приходи и расходи (особено поврзано со следните две алинеи),
- бројот на клиенти издавачи на хартии од вредност,
- бројот на сметки за хартии од вредност кои се одржуваат,
- повеќе показатели меѓу кои како најзначајни се порастот на Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар, порастот на Индексот на трошоците за живот и порастот на инфлацијата, како и
- структура на приходите на депозитарите од регионот.

Во периодот од 5 години,согласно извршените пресметки врз основа на Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот

пазар (PPI Index), цените се зголемиле за 13,43%. Порастот на овој индекс само за периодот август 2021/2020 година изнесува 10,6%. За периодот од последните 5 години, Индексот на трошоци за живот (CPI Index) се зголемил за 14,27% (анализата е изготвена во Ноември, 2021).

При дизајнирањето на надоместоците во Тарифата беше земено во предвид и целокупното економско окружување, односно состојбата на глобално и локално ниво (тенденција за понатамошен пораст на цените на производите и услугите) заради избегнување на значајни зголемувања на надоместоците за клиентите на ЦДХВ – издавачи на хартии од вредност, како и заради избегнување на дестимулирање на издавачите за користењето на услугите на Депозитарот.

На овој начин конципираните измени беа доставени на согласност до КХВ којашто донесе Решение за согласност на новата Тарифа, со прв ден на примена од 28.04.2022 година.

***Интерни акти на Депозитарот***

Изменување и дополнување на Упатството за спроведување на упис на хартии од вредност, корпоративни дејства и доделување на ИСИН број и ЦФИ ознаки во ЦДХВ

Со цел исполнување на препораките на внатрешната ревизија за 2021 година, Извршната директорка донесе измени на *Упатството за спроведување на уписи на хартии од вредност, корпоративни дејства и доделување на ИСИН број и ЦФИ ознаки во ЦДХВ*. Со новините на Упаството, се дорегулира начинот и постапка за доделување на ИСИН бројот кај емисии на издавачи акционерски друштва, како и кај нова емисија на државни хартии од вредност кај која издавач е Министерство за финансии на РСМ.

Политика за управување со конфликти на интереси во ЦДХВ АД Скопје

На 2рата седница на Одборот на директори на Депозитарот, одржана во месец август 2022ра година беше донесена Политика за управување со конфликти на интереси во ЦДХВ АД Скопје. Целта на донесувањето на ваков тип на акт е засилување на кредибилитетот на Депозитарот, како општествено одговорна и клучна институција на пазарот на капитал.

Деловник за работа на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Во месец октомври 2022 година беше изготвен нов Деловник за работа на Одборот на директори на Депозитарот. Донесувањето на нов акт беше пред сѐ резултат на потребата од пропишување на одржувањето на седниците по пат на видео-конференциска врска и електронската комуникација како актуелен тренд наметнат од пандемијата со Ковид-19.

Правилник за евидентирање на купопродажни трансакции со хартии од вредност во кои трансакции како страна се јавуваат вработените во Депозитарот или лицата поврзани со нив

Во последниот квартал од 2022 година беше донесен нов Правилник за евидентирање на купопродажни трансакции со хартии од вредност во кои трансакции како страна се јавуваат вработените во Депозитарот или лицата поврзани со нив.

Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2022 година, Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:
- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерски друштва со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување .

Во текот на 2022 година, до Информатичкиот Систем за Супервизија и Известување на КХВ, Депозитарот достави над 100 известувања.

Воедно, во повеќе наврати, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

***Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори***

На 30.05.2022 година, беше одржано редовно 28мо акционерско собрание на акционерите на ЦДХВ АД Скопје. Имајќи ја предвид состојбата со КОВИД 19, собранието се одржа по пат на физичко присуство, но беше дадена можност и за гласање по пат на писмена коресподенција. На седницата присуствуваа 9 акционери со вкупно 4806 акции со право на глас или 80,10 % од вкупниот број на акции со право на глас кој изнесува 6000. Дополнително, двајца акционери гласаа по пат на писмена кореспонденција.

Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше и ги одобри/усвои следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2019 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката оставарена по годишната сметка за 2021 година.
6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда.

7. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2022 година.
8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопјеза 2022 година.
9. Годишен извештај за работењето на одделението за внатрешна ревизија на ЦДХВ АД Скопје за 2021 година
10. Известување за поднесена оставка на член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
11. Предлог Одлука за избор на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

По одржувањето на Собранието од страна на стручните служби во Депозитарот беа спроведени сите активности за задолжително известување согласно актуелните законски прописи.

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје со нов мандат, на 15.06.2022 година одржа конститутивна седница. На седницата беше донесена Одлука за избор на г-ѓа Дамеска за Претседател на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје и г-ѓа Дамјановиќ за Извршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, со нов мандат од четири години.

Врз основа на донесената Одлука за избор на Даринка Дамјановиќ за извршен член на Одборот на директори во месец јуни 2022ра година, на седницата на Одборот на директори одржана на 05.08.2022 година презентирана е двегодишната Програма за работењето на Депозитарот и прибавени се неопходните овластувања, по што на на 17ти август 2022 година, доставено е Барање за согласност за именување на лицето за директор на Депозитарот со прилог неопходната документација утврдена согласно законските и подзаконски акти. Во текот на месец октомври 2022 година добиена е согласност од КХВ за г-га Дамјановиќ за извршување на функцијата Извршен директор.

***Внатрешна ревизија***

- Во текот на месец февруари 2022 година, а согласно претходно донесена Одлука на Одборот на директори, Депозитарот склучи Анекс на Договор за вршење на ревизорски услуги за извршување на функцијата на внатрешна ревизија во ЦДХВ АД Скопје, со надворешниот соработник, со што соработката се продолжи за период од уште една година.

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија, од страна на лицето задолжено за внатрешна ревизија, изготвени се четири внатрешни ревизорски Извештаи за:
- Ревизија на начинот и постапката со која членките добиваат увид во сметките на својот клиент,
- Ревизија на постапката на утврдување и порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на Берза,
- Ревизија на постапката за идентификација на клиент во постапката за преземање согласно ЗСППФТ, и
- Ревизија на процесот на промена на податоците од имателот на сметка на хартии од вредност во системот на ЦДХВ.

Изготвени се Полугодишен и Годишен извештај за извршените ревизии.

## 7. Меѓународна соработка

• На почетокот на 2022г. беше реализирана обврската на Депозитарот за доставување на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 151 акционерски книги (по ИСИН број), до 149 акционерски друштва. Не беа доставени акционерски книги до 41 издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година, до 2 издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, до 31 друштво кои ги подигнале акционерските книги на рака во просториите на Депозитарот пред да бидат испратени, како и до 215 издавачи кои склучиле Договор за пристап на Дистрибутивниот систем за инвеститори и издавачи, преку кој имале бесплатен пристап до акционерските книги со состојба на ден 31.12.2021г.

• На 13.09.2022г. се одржа „Инвеститорскиот ден", поддржан од Депозитарот. Определени транскации се тргуваа по повластени услови, односно на тој ден на тргување на Берзата сите домашни физички лица можеа да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без трансакциски трошоци што ги наплатуваат овластените пазарни институции и учесници. Поконкретно, на „Инвеститорскиот ден", сите домашни физички лица можеа да купат или продадат кои било акции без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи) што беа вклучени во иницијативата. За таа цел, од страна на Депозитарот беа испрограмирани и имплементирани потребните измени на клиентската апликација како и бекофис апликацијата на берзанските учесници за автоматско преземање на провизиите за овие повластени трансакции. Исто така беа испратени и потребните информации до Македонската берза за генерирање на берзанските провизии, како и анализа на статистичките податоци за успешноста на одржувањето на „Инвеститорскиот ден". Како резултат на оваа иницијатива се склучија вкупно 242 трансакции што е најголем број на трансакции на дневно ниво во текот на третиот квартал 2022г. Просечниот дневен број на трансакции изнесува 70 трансакции.

• На 9ти март 2022г. во Брисел се одржа вонредното Генерално собрание на ECSDA, по виртуелен пат, на кое присуствуваше претставник на Депозитарот. На собранието присуствуваа 35 членки на ECSDA, а беа усвоени следните точки: суспензија на асоцијативното членство на Националниот депозитар на Русија, беа прифатени назначувања и разрешувања на членови на Бордот на директори, и беше разгледана нацртгодишната сметка на ECSDA за 2021 година. Во однос на првата точка за суспензијата на Националниот депозитар на Русија, Депозитарот изврши консултации со Министерството за надворешни работи, при што во одговорот беше истакнато дека Република Северна Македонија постигна 100% придружување кон Заедничката Надворешна и Безбедносна Политика на ЕУ реализирајќи ја максималната стапка на придружувања како јасен и конзистентен израз на нашата евро-атлантска надворешно-политичка ориентација и цели на државата. МНР смета дека при произнесувањето од страна на Централниот депозитар за суспендирање на членство на Русија (рускиот депозитар) во ECSDA и ANNA, треба да се имаат предвид горенаведените политички ставови кои Владата веќе ги презела и декларирала, вклучително и да се поддржи суспендирањето. Точката за суспендирање за асоцијативното членство на Националниот депозитар на Русија беше усвоена едногласно од страна на сите присутни членки на ECSDA.

• На 11-ти април 2022г. во Франкфурт, Германија се одржа Вонредното Генерално собрание на ANNA со квази-физичко присуство по пат на давање на овластување

на Германија за гласање на собранието. На овој начин, беа претставени 61 членка на ANNA, а беа усвоени следните точки: суспензија на членство на Националниот депозитар на Русија, и суспензија на членството на депозитарот на Белорусија. Двете членки беа суспендирани со 2 гласа против и 15 воздржани. Во однос на двете точки, Депозитарот во претходниот квартал изврши консултации со Министерството за надворешни работи на РСМ при што беше постапено согласно насоките од консулатацијата и беше поддржана суспензијата.

- Од 1-ви до 3-ти јуни 2022г, во Брисел, Белгија се одржа редовното Генерално собрание на ANNA. Овој пат, по период од две години, собранието се одвиваше со физичко присуство и на истото присусутвуваа 32 членки, додека 45 членки своето присуство го остварија преку доделување на полномошно на присутните членки. За оваа прилика, Депозитарот му додели полномошно за застапување на собранието на Središnje klirinško depozitarno društvo, DD Hrvatska. На собранието беа усвоени: годишната сметка за 2021 година, прекин на партнерскиот статус по истек на 5 години, промена на членството на САД, прием на Филипини како партнер, прекин на партнерството на Зимбабве, новите Насоки за доделување на ИСИН кодови.
- Од 30-ти јуни до 1-ви јули 2022г, се одржа WFC conference - светскиот форум на депозитари по пат на онлајн платформа. Претставник на Депозитарот го следеше форумот на кој беа одржани повеќе панел дискусии со учество на врвни реномирани претставници на депозитарите, SWIFT мрежата, Европската централна банка и останати, а главните теми беа: улогота на депозитарите во одржливиот развој, привлекувањето на странски инвестиции, примената на новите ДЛТ технологии, конвергенција на регулативата, трендовите на развој во светски рамки, улогата на циклусите на порамнување во развојот на пазарот и визија за иднината на депозитарите.
- На 20 јуни 2022г. се одржа редовното Генерално собрание на ECSDA. Собранието се одвиваше со физичко присуство, а извршниот директор на Депозитарот учествуваше во работата на собранието преку користење на електронска платформа. На собранието беше одобрена Годишната сметка за 2021г, беа назначени членови на Бордот на директори, беше разгледан предлог буџетот за 2023г. и беше презентирана работата на работните групи на ECSDA за изминатиот период.
- На 01-ви и 02.12.2022г. во Антигва, Гватемала се одржа Вонредното Генерално собрание на ANNA. На собранието физички присуствуваа претставници од 19 членки, додека останати 57 членки беа застапени преку полномошна за собрание, со што беше исполнет кворумот од вкупно 76.8% застапеност на собранието. Депозитарот му додели полномошно за собранието на Sredisnje Klirinsko Depozitarno drustvo DD, Hrvatska. На собранието беа усвоени следните резолуции: членството на ANNA ги подржува стратешките цели, приоритети и насоки презентирани на собранието и го овластува Одборот на директори да продолжи со работа на Стратегијата, се овластува Одборот на директори да продолжи со преговорите со E-trading Software, усвоен е нацрт Статутот на ANNA кој е во согласност со Белгискиот закон за компании, и се предлага истиот да се усвои на наредното Собрание на ANNA кое ќе се одржи во јануари 2023г, усвоени се нацрт- Внатрешните правила, усвоен е финансискиот план за 2023г, усвоена е одлуката за избор на ревизор за

годините 2022-2024, примени се неколку нови членки и партнери. Следното собрание на ANNA ќе се одржи во Лондон, Обединето Кралство во јуни 2023 година.

- На 29.11.2022г се одржа состанок на Одборот на директори на ECSDA. Состанокот се одржа по далечински пат, на кој присуствуваше и извршниот директор на депозитарот како набљудувач. На состанокот се разгледаа следните точки: избор на Претседавачи на работните групи за политики и за порамнување, финансиски извештај за вториот и третиот квартал од 2022г, класификација на надоместоците од членките за 2023г и нацрт Буџетот за 2023г. Беа одржани и неколку презентации за работата на работните групи, како и презентација на Украинскиот депозитар за работа во воени услови.
- И оваа година, Депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2022-2023. Депозитарот започна и со активностите на пополнување на прашалникот WFC disclosure tool, кој претставува своевидна самооценка на усогласеноста на депозитарот со Принципите на инфраструктури на финансиските пазари (PFMI). Прашалникот содржи прашања во врска со усогласеноста со 23 принципи на PFMI, а во согласност со глобалните стремежи за поголема ИТ сигурност, опфатена е и темата за сајбер безбедност.
- Во текот на годината продолжи интензивната комуникација и со Thomas Murray, при што од страна на Депозитарот беа доставени одговори на прашалници на темите оперативен ризик, ИТ ризик, сајбер сигурност, ризик од порамнување, ликвидносен ризик и ризик од договорна страна како и останати видови ризици.
- Како и изминатите години, ECSDA прибира статистички податоци на годишно ниво за европските депозитари со истовремено дистрибуирање на податоците за светската книга на факти за депозитарите. Депозитарот достави статистички податоци за 2021 година за управувањето, членството, приходите, финансиските инструменти и сметките на хартии од вредност, корпоративните дејства и останатите услуги.
- Во текот на календарската година, согласно насоките за работа на ANNA, до глобалната база на идентификатори беа редовно доставувани податоци за емисиите на хартии од вредност регистрирани во Депозитарот на дневна и квартална основа.

## 8. Едукативни и промотивни активности во текот на 2022 година

- Депозитарот и оваа година ја поддржа Глобалната недела на парите-годишна глобална кампања за подигање на свеста за важноста дека младите луѓе, уште од рана возраст, да се финансиски свесни и постепено да стекнуваат знаења, вештини, ставови и однесувања неопходни за да донесат здрави финансиски одлуки со крајна цел да постигнат финансиска добробит. Во кампањата учествуваат 176 земји. Придонесот кон оваа иницијатива Депозитарот ја даде со информирање и едукација преку социјалните мрежи како најдостапен медиум до младите луѓе.
- Вработени во Депозитарот, во текот на месец март 2022г., присуствуваа на неколку онлајн обуки во организација на Агенцијата за заштита на лични податоци а во рамките на твининг проектот „Поддршка во имплементација на модернизираната национална рамка за заштита на личните податоци", финансиран од Европската унија. Обуките беа одржани од страна на странски консултанти и опфатија повеќе теми: Вовед во заштита на личните податоци, Офицер за заштита на лични податоци, Известување за нарушување на безбедноста, други посебни операции за обработка по претходно одобрение.
- Со цел за навремено идентификување на ризиците од информациски и од безбедносен аспект што дава можност за нивна проценка, за преземање соодветни активности за нивно избегнување или за соодветно пресретнување, во насока на елиминирање на негативните последици врз работата и врз репутацијата на ЦДХВ, вработени од ИТ дирекцијата посетуваа onlie обука на тема "Сајбер криминалитет-облици и справување со нив".
- Овластеното лице за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за соработка со Управата, учествуваше на обука одржана од 27 – 29 април 2022г, организирана од страна на Министерството за надворешни работи на РСМ, на која беа презентирани искуствата од преставници од TAIEX експертската мисија од Германија и Полска за спроведување на рестриктивните мерки, а на која беа презентирани и искуставата на преставници од домашни институции, вклучени во процесот на имплементација на одредбите од Законот за рестриктивни мерки.
- Вработени во Депозитарот и во текот на вториот квартал присуствуваа на неколку онлајн обуки во организација на Агенцијата за заштита на лични податоци а во рамките на твининг проектот „Поддршка во имплементација на модернизираната национална рамка за заштита на личните податоци", финансиран од Европската унија. Обуките беа одржани од страна на странски консултанти и опфатија повеќе теми од доменот на заштитата на лични податоци.
- На 02.06.2022г, овластеното лице и неговиот заменик, задолжени за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за соработка со Управата, одржаа обука на вработените во Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје за постапување во однос на Одлуките на Владата на РСМ за рестриктивните мерки кон Русија, во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверентитет и независноста на Украина, донесени од 28.02.2022г. до денес. Опфатени беа вработените во Депозитарот кои вршат задачи на спречување перење пари и финансирање на терориозам при воспоставување деловен однос со

клиенти заради отворање на сметки, ажурирање на податоци, како и вршење на нетрговски преноси со хартии од вредност.

- На 15 јуни 2022г, во организација на Институтот за Business & Management HEIDELBERG – Скопје, се одржа 4-тата меѓународна конференција за спречување на перење пари и финансирање тероризам на тема „Нови рестриктивни мерки – ефектите и искуствата од регионот". На конференцијата која се одржа онлајн, како претставник од Депозитарот учествуваше овластеното лице кое се грижи за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за соработка со Управата.
- На 28-ми јуни 2022г, во организација на Институтот за Business & Management HEILDELBERG – Скопје и првата македонска банкарска академија – АБИТ, се одржа 5-тата Меѓународна контролинг конференција на тема "Предизвици во контролингот: Одржливост, Нови бизнис модели, Трансформација,Криза." Главниот акцент беше ставен на следните теми: Глобалната корпоративна стратегија и улогата на финансискиот директор, новите придонеси од областа на финансиите за корпоративното управување, Трансформација на организацијата на контролинг, Controlling vs CFO област-одржливост и иновативни пристапи во буџетирањето и известувањето. На конференцијата која се одржа онлајн и со физичко присуство, присуствуваа двајца вработени во Депозитарот.
- Претставници на Депозитарот присуствуваа на презентациите организирани од страна на Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, а во врска со издавањето и исплатата на државните хартии од вредност кое во иднина би се одвивало со користење на системот на Блумберг. Со користењето на овој систем би се зголемила базата на меѓународни инвеститори на примарниот пазар на државни хартии од вредност, а би се зголемила и палетата на финасиски инструменти за управување на јавниот долг.
- Во рамките на шестото издание на "Денови на финансиска писменост", на 25.11.2022г, потпишан е Меморандумот за соработка помеѓу ЦДХВ АД Скопје и Правниот факултет „Јустинијан Први", Скопје. Согласно Меморандумот, договорено е меѓусебната соработка на договорните страни да се реализира особено преку:

  - Едукативни активности реализирани преку учество на претставници од Депозитарот во изведување на наставата од акредитираните наставни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први";
  - Обезбедување на информации од Депозитарот (статистички агрегирани податоци) за целите на научно-истражувачката дејност од областа на пазарот на хартии од вредност, на барање на Правниот факултет;
  - Едукативни активности реализирани преку учество на претставници на договорните страни на различни семинари, курсеви и работилници кои се во доменот на нивниот делокруг на работење, а се од заеднички интерес;
  - Соработка при иницијативи во врска со законската и подзаконска регулатива во областа на пазарот на хартии од вредност;
  - Развојни иницијативи иницирани од двете страни поврзани со остварување на целите на Меморандумот.
- Претставници од Депозитарот земаа учество во работилница одржана во декември оваа година, а во рамки на проектот „Action against economic crime in the Republic of North Macedonia" поддржан од канцеларијата на Советот на Европа во

Република Северна Македонија, во изготвувањето на *Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам во врска со правни лица коишто можат да се регистрираат во РСМ и нерезидентни правни лица.* Оваа анализа е изготвена од работна група, координирана од страна на Управата за финансиско разузнавање, а покрај Депозитарот членови се и претставници на НБРСМ, КХВ, УЈП, Управата за финансиска полиција, Катастар, ЦРРСМ, МВР и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, како и претставници од приватниот сектор: МБА, адвокати и сметководители коишто дејствуваат како посредници во процесот на регистрација на правни лица.

- Во насока на давање придонес на Депозитарот за подигнување на нивото на финансиската писменост, претставник од Депозитарот, на 22ри декември 2022 година присуствуваше на третата работна средба на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија. Работната група е составена од претставници од регулаторните институции во финансискиот сектор, претставници на приватниот и граѓанскиот сектор, и одржува состаноци најмалку двапати годишно, на кои се дискутира за приоритетите, новините и спроведените активности во текот на годината од областа на финансиската едукација и инклузија. На овој состанок фокусот беше ставен во сферата на заштитата на потрошувачите согласно новините во законската регулатива, како и трендовите во доменот на финансиската едукација и инклзуија на населението во нашата земја.

## 9. Други активности во текот на 2022 година

- Противпожарната и безбедносна заштита, како и техничкото одржување на деловните простории на Депозитарот, во склоп на комплексот Банки е уреден со заеднички *Договор за техничко одржување, обезбедување и противпожарна заштита на објектот „Комплекс банки“ Скопје*, а услугите се добиваат од страна на вработени во Народната банка на Република Северна Македонија. НБРСМ подолг период најавува напуштање на концептот на овој договор и целосно повлекување на нејзините служби од услугите што ги дава согласно истиот, преку нудење на нов Договор.

Депозитарот, како и другите корисници на актуелниот договор приговорија на ваквото еднострано напуштање на досегашниот концепт, истакнувајќи дека скоро две децении: безбедноста, противпожарната заштита и техничкото одржување на објектот беа активности за кои главен координатор и носител беше НБРСМ, и напуштањето на досегашниот концепт претставува сериозен предизвик за сите корисници на објектот.

Како солуција за излез од моменталната состојба, Депозитарот истакна дека е неопходно да се дефинира посеопфатна Стратегија за напуштање на досегашниот концепт, со прилог Акциски план, во кој особено ќе бидат документирани:

- фазите и динамиката на примопредавање на активностите,
- конкретни чекори кои ќе се следат во процесот на примопредавање на надлежностите (неопходни набавки, процедури за постапување и сл.) и
- задолжително истовремено утврдување на механизам за понатамошно вршење на активности.

Предлогот на Депозитарот произлезе од фактот што во Комплексот Банки се сместени голем број на институции кои се клучни институции во државата и нивната безбедност и интегритет се од неприкосновено значење за функционирање на целокупниот државен систем. Попрецизно, напуштањето на досегашниот концепт само врз основа на понудениот договор, а без притоа да се утврди јасен механизам за начинот на кој останатите корисници ќе ги организираат и извршуваат активностите во истиот договор, го прави целокупното функционирање на Комплекс Банки ранлив и го изложува на сериозни предизвици и ризици. Во рамките на оваа активност, на координативното тело кое е формирано согласно актуелниот Договор, а на кое присуствуваат претставници од сите корисници во објектот, утврден е заклучок да се формира работна група за ревидирање на постојниот Договор за техничко одржување, обезбедување и противпожарна заштита на објектот „Комплекс банки" Скопје. Во однос на функционирањето на работната група нема значаен напредок, иако НБРСМ опстојува на ставот за излегување од договорните обврски.

- На почетокот на 2022г е извршен Попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со состојба на ден 31.12.2021г. При тоа е утврдено дека нема отстапувања помеѓу сметководствената и фактичката состојба на ден 31.12.2021г.
- Владата на Република Северна Македонија на својата 99-та седница одржана на 17.08.2021г ја усвои „Информацијата за исплатување на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Република Србија и Косово кои штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ". Со усвојувањето на оваа Информација, се укина забраната за исплатување на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Србија и Косово кои своите девизни влогови ги штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ, воведена по основ на реципроцитет. Министерството за финансии во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022г обезбеди средства за исплатување на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Србија и Косово. Истовремено, Владата на РСМ го задолжи Министерството за финансии да го извести Централниот депозитар за хартии од вредност дека од 01.01.2022г може да започне со исплата на овие депонирани девизни штедни влогови на државјаните на Република Србија и Косово. Во таа насока, Депозитарот презема активности за информирање на засегнатите државјани на Република Србија и Косово и на својата веб страна објави информации за начинот и постапката за потребните чекори кои треба да ги преземат овие лица за да може од страна на издавачот на обврзниците – Министерството за финансии, преку деловна банка да се изврши исплатата на неисплатите рати и камати од издадените обврзници.
- На 24.03.2022г настаната е промена во сопственичката структура на над 10% од акциите со право на глас издадени од ЦДХВ АД Скопје. Имено, од страна на акционерот Еуростандард банка АД Скопје во стечај извршена е продажба на 890 обични акции издадени од ЦДХВ АД Скопје, што претставува 14,83% од основната главнина на друштвото. Купувачите на предметните акции не поседуваа над 10% од

акциите со право на глас издадени од ЦДХВ АД Скопје. За оваа промена, согласно важечката регулатива, испратено е известување до КХВ и извршена е објава на Македонска берза. На ден 26.04.2022г настаната е повторно промена во сопственичката структура на над 10% од акциите со право на глас издадени од ЦДХВ АД Скопје. Имено, акционерот Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 26.04.2022г, заедно со претходно стекнатите акции, има 890 акции, што претставува 14,83% од основната главнина на друштвото. Дополнително, на ден 19.05.2022 година, докупени се уште 299 акции со што Берзата поседува вкупно 1189 акции, што претставува 19.816% од основната главнина на Депозитарот.

- Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05.09.2022г донесе Одлука за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. Едно од телата формирани со оваа Одлука се и работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. За целите на формирање на работните групи, Министерството за финансии достави до Депозитарот Барање за номинација на членови на Работната група за подрачјето 9.3. – Инфраструктура на финансиските пазари во рамки на Работната група за Поглавјето 9 – Финансиски услуги. За потребите на билатералниот скрининг кој ќе се одржи на 27 и 28.02.2023г во Брисел, Депозитарот започна со активностите на изработка на презентации од доменот на своите функции и активности.
- КХВ во последниот квартал од 2022г спроведе контрола на Депозитарот преку доставување на Прашалник за усогласеноста на работата на Депозитарот со IOSCO Principles for financial market infrastructures. Прашалникот содржеше прашања за Принципите на IOSCO и тоа за: правната рамка, управувањето, рамката за управување со ризици, кредитниот, ликвидносниот, старателскиот, инвестицискискиот и оперативниот ризик, конечноста на порамнувањето, условите за прием во членство, ефикасноста, ефективноста, обелоденувањето, процедурите и стандардите за комуникација, како и останати прашања во врска со усогласеноста на функционирањето на Депозитарот со овие принципи.
- Од аспект на архивското работење, во рамките на последниот квартал беше спроведена голема акција за уништување на документарниот материјал чиј рок за чување е изминат. Уништувањето на материјалот е во согласност со прописите кои го уредуваат архивското работење, но и прописите од областа на заштита на личните податоци.
- Во втората половина од 2022г, Депозитарот ги продолжи активностите за утврдување на Нацрт-Договор за обезбедување на пристап на Управата за јавни приходи до податоци за сопственоста над хартии од вредност кои се водат во системот на Депозитарот. Со потпишувањето на овој Договор ќе се овозможи поедноставен и брз пристап на УЈП до податоците од Депозитарот, а за Депозитарот ова ќе значи укинување на дел од интерните административни постапки при доставување податоци до овластени органи и институции, како и заштеда на време и финансиски трошоци.
- Во текот на 2022г. Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансиско разузнавање, Министерството за внатрешни работи,

судови, Основното Јавно обвинителство, и други овластени лица и институции. Доставувани се одговори на барања и на поединци и акционерски друштва.

## 10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, на 31.12.2022 година, го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на други трговски друштва |
|---|---|---|
| 1. Гордана Дамеска | Шпаркасе банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| 2. Соња Бојаџиевска Угриновска | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 3. Бобан Гоговски | ТЕТЕКС АД Тетово<br>Дејност: Издавање и управување со сопствен имот | ➢ ТТК Банка АД Скопје, член на Надзорен одбор<br>➢ АД ТЕАЛ Тетово неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 4. Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност:Други финансиско-услужни дејности | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 5. Проф. др. Ѓорѓи Гоцков | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 6. Ирена Николовска | Друштво за независно истражување и иновативни решенија ИРИС Консалтинг ДООЕЛ Скопје<br>Дејност: Консултантство | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 7. Прод. Др. Александар Стојков | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Годишните примања за 2022 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ се следните редоследно според табеларниот преглед во нето износ: 1.421.004 денари плата, надоместоци од плата и бонуси, 70.000 денари дополнителни примања; 502.322 денари плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права; 1.036.291 денари нето плата, 734.428 денари надоместоци на плата; 267.624 денари плата, надоместоци на плата и 445.814 денари други права; 802.080 денари плата и 840.272 денари други примања.

Остварените надоместоци од членувањето во органи на управување на други трговски друштва, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Иван Штериев се соодветно прикажани во Годишниот

извештај на Македонска берза АД Скопје, а за г. Гоговски во годишните извештаи на друштвата во чии одбори членува.

По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите неизвршни членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари, односно 2 месечни паушала на новите членови на Одборот, за првпат избрани на 14.06.2022 година.

Во 2022 година, поради успешно завршена деловна година, а согласно *Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери, одржано на 22-05-2019 година*, исплатена е награда во износ од 4 месечни паушали.

Извршниот директор не членува во органи на управување на други друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 11 од овој Извештај.

## 11. Остварени финансиски резултати во 2022 година

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во деловната 2022 година оствари вкупни приходи во износ од 48,375 милиони денари. Во однос на минатата година реализираните вкупни приходи остварени во 2022 година покажуваат намалување од 5,613 милиони денари или за 10% во 2022 година во однос на 2021 година. Во вкупните реализирани приходи во деловната 2022 година се вклучени приходите од донации-амортизација 450 илјади денари добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот". Намалувањето на реализацијата на вкупните приходи во 2022 година во однос на 2021 година, е резултат главно на намалена реализација на вкупните реализирани приходи од порамнување.

Приходи

Вкупните приходи од камати изнесуваат 710 илјади и претставуваат 1,47% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се главно приходите од камати на орочени приходи од принос остварен од продажба на удели во парични фондови. Зголемената реализација на вкупните приходи од камати во деловната 2022 година во однос на 2021 година, е во делот на приходната ставка од принос од продажба на удели. Вкупните приходи од камати и принос од продажба на удели во инвестициски парични фондови покажуваат зголемување од 144 илјади или процентуален пораст од 25% во 2022 година во однос на 2021 година. Во однос на планираната годишна проекција остварените приходи по основ на камати на депозити, приходи од наплатени законски затезни камати, приходи од камати на депозити по видување, приход-принос остварен од продажба на удели во парични фондови, покажуваат зголемување од 118 илјади денари или процентуален пораст од 20% во однос на планираната проекција. На 31.12.2022 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6 (шест) до 12 (дванаесет) месеци во износ од 82,000 милиони денари, девизен депозит во износ од 36 илјади Евра, односно 2,214 милиони денари орочен на 12 (дванаесет) месеци.
Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци за 2022 година изнесуваат 46,006 милиони денари и претставуваат 95% во структурата на вкупните приходи. Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат намалување од 6,338 милиони денари или процентуален пад од 12% во деловната 2022 во однос на 2021 година. Во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2022 година, приходите од провизии и надоместоци покажуваат намалување за 2,558 милиони денари, или процентуален пад од 5% во однос на годишната планирана проекција за 2022 година.
Подетално подолу се презентирани сите видови приходи поединечно:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2022 година изнесуваат 946 илјади денари. Во вкупните приходи, овие приходи учествуваат со 1,96%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува зголемување од 131 илјади денари или 16% процентуален пораст во деловната 2022 година во однос на 2021 година. Зголемувањето на приходите по овој основ главно се должи на поголем исфактуриран надомест за пристап за членство, заради помали реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Во рамките на планираната проекција приходите по основ на годишна членарина покажуваат зголемување од 68 илјади денари или процентуален пораст од 8% во однос на финансискиот план.

- Остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2022 година изнесуваат 15,193 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 31,41%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат поголемото учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнувањето со акциите и обврзниците на овластена берза покажуваат намалување од 10,803 милиони денари, или процентен пад од 42% во 2022 година во однос на 2021 година. Во однос на планираната проекција остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза покажуваат намалување од 4,977 милиони денари или процентен пад од 25% во 2022 година во однос на финансискиот план за 2022 година.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 224 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,46%. Остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот бележат процентен раст, како во поглед на нивната реализација во 2022 година во однос на 2021 година, така и во однос на планирата проекција за 2022 година. Во однос на реализацијата, приходите по основ на иницијален пристап покажуваат зголемување од 96 илјади денари или процентуален раст од 75% во 2022 година, во однос на 2021 година, како и зголемување од 112 илјади денари, или процентуален пораст од 100% во однос на финансискиот план за 2022 година.
- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за акции, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2022 година изнесуваат 15,483 милиони денари. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 32%. Приходите по овој основ покажуваат зголемена реализација од 2,022 милиони денари, или процентуален раст од 15% во деловната 2022, во однос на 2021 година. Реализираните приходи по основ на годишна евиденција за акции покажуваат реализација од 98% во 2022 година, т.е намалување од 315 илјади денари или процентуален пад од 2% во однос на планираната годишна проекција за 2022 година.
- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2,376 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 4,91%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност се зголемени за 120 илјади денари или процентуален раст од 5% во деловната 2022 година во однос на 2021 година. Оставрените приходи по овој основ се реализирани по динамиката, согласно годишната планирана проекција во 2022 година.
- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2022 година изнесуваат 1,656 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 3,42%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии реализирани во износ од 1,656 милиони денари, претставува зголемување на приходите по овој основ од 232 илјади денари, или процентуален раст од 16% во 2022 година во однос на 2021 година. Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ на уписи

на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2022 година покажуваат зголемување од 72 илјади денари или процентен раст од 5% во однос на годишната планирана проекција за 2022 година. Зголемувањето на приходите по основ на уписи на нови емисии на долгорочни хартии од вредност главно се должи на зголемениот број на издадени емисии во 2022 година споредено со 2021 година.

- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на Депозитарот по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, услуги за преземање на АД, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и слично во 2022 година изнесуваат 8,561 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 17,7%. Остварените приходи по горе наведените основи, покажуваат зголемување од 1,743 милиони денари или процентуален раст од 26% во 2022 година во споредба со реализираните во 2021 година. Во однос на планираната проекција истите покажуваат зголемување од 2,561 милиони денари или процентуален раст од 43% во 2022 година во однос на финансискиопт план за 2022 година.
- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на нетрговски преноси, акционерски книги, изводи и слично изнесуваат 1,407 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,91%. Во однос на минатата година, во која се реализирани приходи по услуги по Тарифа на физички лица од 1,291 милиони денари, остварените приходи по овој основ се зголемени за 116 илјади денари, или бележат раст од 9% во 2022 година во однос на 2021 година. Остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица се реализирани согласно динамиката на годишната планираната проекција за 2022 година.
- Остварените приходи по основ на увиди и копии од акционерски книги изнесуваат 160 илјади денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,33%. Остварените приходи по основ на увид и копии во акционерските книги се зголемени за 4 илјади денари, или бележат процентуален раст од 3% во 2022 година спрема 2021 година. Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ увиди и копии во акционерски книги покажуваат намалување од 80 илјади денари или процентуален пад од 33% во однос на планот. Намалувањето на приходите од услуги по Тарифа на физичките лица е пред се поради намалениот интерес од страна на акционерите за увиди и копии во акционерските книги на акционерските друштва.
- Остварените останати приходи од дејност во 2022 година изнесуваат 1,658 милиони денари. Вкупните останати приходи од дејност учествуваат со 3,42% во вкупните приходи. Во вкупните останати приходи од дејност се приходи од донации-амортизација за материјални и нематеријални вложувања добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот", приходите по основ на позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Остварените останати приходи од дејност во износот од 1,658 милиони денари покажуваат зголемување од 581 илјади денари или процентуален раст од 54% во 2022 година во однос на 2021 година. Во однос на планираната проекција останатите приходи од дејност покажуваат зголемување од 771 илјади денари или процентуален раст од 87%.

Истовремено, приходите по основ на донации добиени од ЕБРД, се и расходи - дел од во рамките вкупната трошковна ставка амортизација на материјални и нематеријални вложувања.

Расходи

Вкупните расходи остварени во деловната 2022 година изнесуваат 40,544 милиони денари, што претставува намалување на вкупните реализирани расходи од 707 илјади денари или за 2% во 2022 година во однос на 2021 година. Во вкупните реализирани расходи во деловната 2022 година се вклучени и расходите од донации-амортизација 450 илјади денари добиени со грантот од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот". Намалувањето на реализацијата на вкупните расходи е резултат на намалувањето на пооделни трошковни ставки во рамките на вкупните реализирани расходи во деловната 2022 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2022 година расходите за провизии и надоместоци главно се состојат од трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 438 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 1,08%. Трошоците за провизии за банки покажуваат намалување за 24 илјади денари, или 5% процентен пад во 2022 година во однос на 2021 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци во однос на годишната планирана проекција покажуваат зголемување за 58 илјади денари, или процентен пораст за 15% во однос на планираното ниво. Ваквото зголемување на банкарските провизии и надоместоци пред сѐ се должи на новото тарифирање за плаќање на провизиите на Банките за годишното одржување на сефовите, како и провизиите за користењето на услугите на Порталот кој се на товар на Депозитарот.
- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (регрес и друго) изнесуваат 18,503 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 45,64%. Во вкупните реализирани трошоци на име трошоци за вработените се следните трошковни износи, вкупен износ од 16,685 милион денари на име реализирани трошоци на име бруто редовни плати на вработените, вкупен износ во кој се вклучени реализираните трошоци на име бруто редовни плати на вработените во износ од 13,620 милиони денари и и бруто редовната плата на извршниот директор во износ од 3,065 милиони денари. Во рамките на вкупните реализирани трошоци на име вработените се реализирани и трошоците по основ на колективен договор на вработените (регрес за годишен одмор, здравствени прегледи, стручно оспособување) во износ од 424 илјади денари, вкалкулираната бруто награда на вработените во износ од 1,163 денари и бруто награда на извршниот директор во износ 231 илјади денари за успешно реализирна деловна 2022 година. Вкупните реализирани трошоци за вработените во 2022 година, во однос на минатата година покажуваат зголемување за 156 илјади денари или процентен пораст од 1% во 2022 година во однос на 2021 година. Во однос на годишната планирана проекција во 2022 година, вкупните реализирани трошоци на вработените покажуваат зголемување за 651 илјади денари, или процентуален пораст од 4%.
- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 2,533 милиони денари во 2022 година. Вкупниот трошок на амортизација учествува во вкупните расходи 6,25%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува намалување за 394 илјади денари, или 13% процентуален пад во

2022 година, во однос на 2021 година. Во однос на годишната планирана проекција вкупниот трошок на име амортизација покажува намалување за 122 илјади денари, или процентуален пад за 5% во 2022 година во однос на планираната годишна проекција. Намалувањето на трошокот на амортизација е поради отписот на дел од материјалните и нематеријални вложувања заклучно со 2022 година.

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2022 година изнесува 1,033 милиони денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 2,55% од вкупните расходи на Депозитарот за 2022 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, бришани акционерски друштва како и исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања. Забележен е раст во реализацијата на горе спомнатиот трошок од 462 илјади денари, или процентуален раст од 81% во 2022 година, во однос на 2021 година, како резултат на спроведената исправка на побарувања за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување на побарувањата поради неизвесноста на нивните плаќања во блиска иднина. Во однос на годишната планирана проекција, реализираните трошоци на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања покажуваат зголемување од 283 илјади денари, или 38% процентуален раст во 2022 година од планот. Стручните служби на Депозитарот постојано вршат мониторинг за наплата на ненаплатените побарувањата од страна на акционерските друштва, како и активности за нивна присилна наплата, но се во насока на намалувањето на трошокот на име отпис и исправка на ненаплатени побарувања.

<u>Останатите расходи од дејност</u> изнесуваат 18,037 милиони денари. Вкупните останати расходи учествуваат со 44,49% од вкупните расходи на Депозитарот.
Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот изнесува 8,281 милиони денари. Трошокот за надоместокот кон КХВ учествува со 20,42% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останати расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 45,91% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија на име регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот покажува намалување од 1,141 милиони денари или 12% процентуален пад во 2022 во однос на 2021 година. Во однос на годишната планирана проекција за 2022 година овој трошок покажува намалување од 460 илјади денари или 5% процентуален пад во 2022 година. Намалувањето се должи на намалена реализација на вкупни реализирани приходи од услуги по Тарифа на Депозитарот во 2022 година во однос на 2021 година.
- Материјалните и слични трошоци во 2022 година изнесуваат 2,062 милиони денари со учество од 5,09% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар, автогуми и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот банки НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература. Трошоците на име материјални и слични трошоци во 2022 година се зголемени за 210 илјади денари, или процентуален раст од 11%, додека

во однос на планираната проекција за 2022 година забележано е намалување за 486 илјади денари, или процентуален пад од 19%.Трошоците на име материјални и слични торшоци се тесно повразани со деловното работење на Депозитарот.

- Трошоците за услуги изнесуваат 3,579 милиони денари со учество од 8,83% во вкупните расходи. Во трошоците за услуги се трошковните ставки на име трошоци за сервисни услуги за деловни активности, трошоци за поштенски услуги, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комуникациски услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРСМ, трошоци за финансиска ревизија и други. Во 2022 година кај трошоците за услуги е забележан пораст од 84 илјади денари, или процентуален пораст од 2%, додека во однос на годишната планирана проекција е постигната 98% реализација, односно трошоците за услуги се во рамките на предвидената годишна проекција за 2022 година.
- Трошоците за надомест за членови и бруто награда за 2022 година на Одбор на директори изнесуваат 1,854 милиони денари со учество од 4,57% од вкупните расходи. Во рамките на реализираните трошоци за членови на Одбор на директори се вкалкулирани трошоците по основ за месечен паушал, како и вкалкулираната бруто награда за 2022 година заради успешно завршена деловна година, а во согласност со Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери одржано на 22.05.2019 година.
- Реализираните трошоци за службени патувања во 2022 година, изнесуваат 47 илјади денари, со процентуално учество 0,11% во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања покажува значително зголемена реализација за 46 илјади денари или значителен процентуален пораст од 4294% во 2022 година во однос на 2021 година. Зголемувањето на овој трошок во 2022 година се должи на реализираните службени патувања во однос на пандемиската 2021 година, овозможени со олабавените мерки за справување со пандемијата Covid-19. Реализираниот трошок за службени патувања пак покажува намалување од 73 илјади денари односно или процентуален пад за 61% во 2022 година, во однос на годишната планирана проекција, поради нереализирани службени патувања планирани за 2022 година во финансискиот план за 2022 година.
- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство и донации во 2022 година изнесуваат 344 илјади денари со учество од 0,85% во вкупните расходи. Во рамките на вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство и донации позначајни се реализираните трошоци за спонзорство на 21-ва годишна конференција на Македонска Берза АД Скопје и донации и спонзорства од јавен интерес. Вкупните трошоци по овие основи покажуваат намалување од 304 илјади денари или 47% процентуален пад во 2022 година во однос на 2021 година. Во однос на планираната проекција вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда се 80% реализирани, односно се во рамките на предвидената проекција за 2022 година.
- Реализираните трошоци на име осигурување во 2022 година изнесуваат 426 илјади денари, со учество од 1,05% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот на име на осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за

осигурување покажуваат зголемување од 37 илјади денари, или процентуален пораст од 10% во 2022 година во однос на 2021 година. Реализацијата на трошокот за осигурување покажува зголемување од 31 илјади денари или 8% во 2022 година во поглед на годишната планираната проекција. Реализираните трошоци за осигурување не покажуваат значајни отстапувања како во поглед на нивната реализација во 2022 година во однос на 2021 година, така и во поглед на годишната планирана проекција.

- Реализацијата на другите трошоци во 2022 година изнесува 1,444 милиони денари, со учество од 3,56% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со Дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично. Реализацијата на другите останати трошоци покажува зголемување за 62 илјади денари или 4% процентен раст во 2022 година во однос на 2021 година. Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2022 покажува зголемување од 110 илјади денари или процентуален раст од 8% во 2022 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2022 година оствари добивка пред оданочување во износ од 7,831 милиони денари.
Пресметаниот данок на добивка за 2022 година е пресметан во износ од 942 илјади денари. Нето добивката за деловната година за 2022 година изнесува 6,889 милиони денари.

* * *

Вкупната актива на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2022 година изнесува 112,809 милиони денари. Во структурата на активата најликвидните средства во износ од 87,718 милиони денари (паричните средства, како и депозити во банки орочени на 6 (шест) до 12 (дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2022 година) учествуваат со 77,76%, што ја изразува финансиската стабилност на Депозитарот.
Учеството на материјалните и нематеријални средства од 16,116 милиони денари учествуваат со 14,29% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември-2022 година, како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (побарувања за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината. Побарувањата од комитенти изнесуваат 7,412 милиони денари или 6,57% од вкупната актива.
Во рамките на вкупната актива се и следните ставки: вложување од 1 (една) акција во ANNA -Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари, останати побарувања во вкупен износ од 679 илјади денари, во кои влегуваат побарувањата по основ на камати од орочени депозити, побарувања по основ на поврат на данок на добивка, побарувања по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др. Во билансна позиција одложени приходи и однапред платени трошоци во вкупен износ од 808 илјади денари влегуваат трошоци за претплати за новини и списанија како и трошоци за лиценци разграничени во период од 2022-2025 година.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2022 година изнесува **112,809 милиони денари.** Вкупните обврски на 31.12.2022 година изнесуваат 4,042 милиони денари со учество од 3,58% во вкупната пасива. Во рамките на вкупните обврски се обврските спрема добавувачите кои изнесуваат 1,277 милиони денари. Во вкупен износ од 2,765 милиони денари се следните обврски: обврската за аконтација за декември 2022 година во износ од 130 илјади денари, данок на додадена вредност за месец декемеври 2022 година во износ од 657 илјади денари, за вкалкулирана бруто награда за 2022 година за членовите на Одбор на директори во износ од 450 илјади денари, обврските за вкалкулирана бруто награда за вработените во износ од 1,162 денари, обврската за вкалкулираната бруто награда за извршниот директор во износ од 231 илјади денари и др.останати обврски во износ од 135 илјади денари.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2022 година изнесуваат 108,767 милиони денари со учество од 96,42% во вкупната пасива. Во рамките на капиталот и резервите, запишаниот капитал изнесува 48.306 милиони денари, резервите 18.764 милиони денари, добивката за финансиската година 6,889 милиони денари и задржана добивка 34,808 милиони денари.

**Претседател на Одбор на директори на ЦДХВ АД Скопје,**
**Гордана Дамеска**

## Прилог 1

### *Биланс на успех за период 01-01-31-12-2022 година*

| РБ | Приходи | 2021 | 2022 | Индекс 2022/2021 | Финансиски план 2022 | Индекс 2022/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од камати** | **566,566** | **710,216** | **125** | **592,020** | **120** |
| 2 | **Приходи од провизии и надоместоци** | **52,344,549** | **46,006,016** | **88** | **48,563,879** | **95** |
| | Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Годишна членарина за членство на берзански посредници, членки ОТЦ и членки чувари | 814,681 | 946,017 | 116 | 877,968 | 108 |
| | Приходи од порамнување на овластена берза | 25,995,858 | 15,193,383 | 58 | 20,170,000 | 75 |
| | Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 128,000 | 224,000 | 175 | 112,000 | 200 |
| | Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 13,461,068 | 15,483,015 | 115 | 15,798,599 | 98 |
| | Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 2,256,418 | 2,376,369 | 105 | 2,381,312 | 100 |
| | Приходи од упис на емисии | 1,424,000 | 1,656,410 | 116 | 1,584,000 | 105 |
| | Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 6,817,198 | 8,560,650 | 126 | 6,000,000 | 143 |
| | Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 1,291,326 | 1,406,172 | 109 | 1,400,000 | 100 |
| | Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 156,000 | 160,000 | 103 | 240,000 | 67 |
| 3 | **Останати приходи од дејност** | **1,076,655** | **1,658,466** | **154** | **887,552** | **187** |
| | Приходи од донација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Приходи од амортизација од донација | 559,045 | 449,557 | 80 | 449,552 | 100 |
| | Други приходи од дејност | 517,610 | 1,208,909 | 234 | 400,000 | 302 |
| 4 | **Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| | **Вкупни приходи** | **53,987,770** | **48,374,698** | **90** | **50,043,451** | **97** |

## *Биланс на успех за период 01-01-31-12-2022 година*

| РБ | Расходи | 2021 | 2022 | Индекс 2022/2021 | Финансиски план 2022 | Индекс 2022/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Расходи од провизии и надоместоци** | **462,049** | **437,714** | **95** | **380,000** | **115** |
| | Провизии од банки | 462,049 | 437,714 | **95** | 380,000 | 115 |
| **2** | **Нето загуба од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **3** | **Трошоци вработени** | **18,346,754** | **18,503,444** | **101** | **17,851,668** | **104** |
| **4** | **Амортизација** | **2,926,797** | **2,533,021** | **87** | **2,655,100** | **95** |
| **5** | **Исправка на вредност на побарувања** | **570,613** | **1,033,082** | **181** | **750,000** | **138** |
| **6** | **Останати расходи од дејност** | **18,944,468** | **18,036,734** | **95** | **19,096,056** | **94** |
| | Материјални и слични трошоци | 1,851,926 | 2,061,846 | 111 | 2,548,000 | 81 |
| | Трошоци услуги | 3,494,963 | 3,578,978 | 102 | 3,660,200 | 98 |
| | Провизија за КХВ | 9,421,929 | 8,280,939 | 88 | 8,741,498 | 95 |
| | Одбор на директори | 1,755,582 | 1,854,339 | 106 | 1,866,858 | 99 |
| | Трошоци за службени патувања | 1,065 | 46,801 | 4,394 | 120,000 | 39 |
| | Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда | 647,928 | 343,783 | 53 | 430,000 | 80 |
| | Осигурување | 388,779 | 426,373 | 110 | 395,000 | 108 |
| | Други трошоци | 1,382,296 | 1,443,675 | 104 | 1,334,500 | 108 |
| | Расходи од донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **7** | **Вкупни расходи** | **41,250,681** | **40,543,995** | **98** | **40,732,824** | **100** |
| ***8*** | ***Добивка пред оданочување*** | ***12,737,089*** | ***7,830,703*** | **61** | ***9,310,627*** | ***84*** |
| ***9*** | ***Загуба пред оданочување*** | ***0*** | ***0*** | **0** | ***0*** | ***0*** |
| ***10*** | ***Данок од добивка*** | ***1,388,733*** | ***942,089*** | **68** | ***0*** | ***n/a*** |
| ***11*** | ***Добивка за финансиската година*** | ***11,348,356*** | ***6,888,614*** | **61** | ***0*** | ***n/a*** |
| ***12*** | ***Загуба за финансиската година*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

## *Биланс на состојба на ден 31-12-2022 година*

### АКТИВА

| Назив на позиција | 2021 (во денари) | 2022 (во денари) | Индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **3,301,857** | **3,385,969** | **103** |
| **2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти** | **97,806,257** | **91,743,317** | **94** |
| Депозити | 90,275,375 | 84,331,682 | 93 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 7,530,882 | 7,411,635 | 98 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **1,208,709** | **496,933** | **41** |
| 4а.Нематеријални средства | 1,208,709 | 496,933 | 41 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| **5.Материјални средства** | **16,289,979** | **15,618,892** | **96** |
| 5а.Материјални средства | 16,289,979 | 15,618,892 | 96 |
| 5б. Материјални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **6.Останати средства/Побарувања** | **126,218** | **679,389** | **538** |
| 6а.Побарувања од данок на добивка | 0 | 524,026 | н/а |
| 6б.Останати Побарувања | 126,218 | 155,363 | 123 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **384,783** | **807,940** | **210** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | ***119,194,274*** | ***112,808,911*** | ***95*** |

## ***ПАСИВА***

| **Назив на позиција** | **2021** (во денари) | **2022** (во денари) | **Индекс 2022/2021** |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **5,316,367** | **4,042,390** | **76** |
| 1а.Останати обврски | 1,406,096 | 1,277,205 | 91 |
| 1б.Обврски по данок на добивка | 519,645 | 130,309 | 25 |
| 1в.Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 3,390,626 | 2,634,876 | 78 |
| **2.Капитал и резерви** | **113,877,907** | **108,766,521** | **96** |
| 2а.Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | 100 |
| 2б.Резерви | 18,764,156 | 18,764,156 | 100 |
| 2в.Добивка за финансиската година | 11,348,356 | 6,888,614 | 61 |
| 2г.Загуба за финансиката година | 0 | 0 | 0 |
| 2в.Задржана добивка | 35,459,460 | 34,807,816 | 98 |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | ***119,194,274*** | ***112,808,911*** | ***95*** |

**Прилог 2**

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2022 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ФД ДИНЕРС КЛУБ ИНТЕРНАЦИОНАЛ МАК АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 10.02.2022 | 11.170 ОБИЧНИ АКЦИИ | 68..686.117, 20 МКД (НОМ. ВРЕДНОСТ) |
| КОШАРКАРСКИ КЛУБ ТФТ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 06.04.2022 | 2.520 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.200 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО М БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 22.6.2022 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 50.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ВИНЕРС ГРУП АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 05.07.2022 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ РАКОМЕТЕН КЛУБ АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 11.07.2022 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 11.07.2022 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИКВЕШ 1930 АД КАВАДАРЦИ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 21.07.2022 | 2.530 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.300 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 27.07.2022 | 500.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 500.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО БД БРОКЕР АД ДЕБАР | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 10.08.2022 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 50.000 ЕУР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФИНАНСИСКО ДРУШТВО ЕАЗУ ФАЈНАНС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 16.08.2022 | 850.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 850.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА СПОРТ И СПОСРТСКИ ДЕЈНОСТИ КОШАРКАРСКИ КЛУБ ЧАИР 2030 АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 29.08.2022 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОШАРКАРСКИ КЛУБ АКАДЕМИЈА ФМП АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 02.09.2022 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ И СОЛАРНИ СИСТЕМИ АЕ СОЛАР АД ТЕТОВО | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 26.09.2022 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ МАШКИ РАКОМЕТЕН КЛУБ КУМАНОВО АД КУМАНОВО | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 20.12.2022 | 4.750 ОБИЧНИ АКЦИИ | 47.500 ЕУР |

## Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2022 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | 5-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 12.01.2022 | 11.254 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.999.948,34 ЕУР |
| АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РМ-СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 02.2.2022 | 93.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 93.000.000 МКД (номинална вредност) |
| АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ | 6-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 20.4.2022 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.000.000 ЕУР (номинална вредност) |
| НЕР АД СКОПЈЕ | 10-ТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 28.4.2022 | 101.303 ОБИЧНИ АКЦИИ | 10.130.300 ЕУР |
| ХАЛК БАНКА АД - СКОПЈЕ | 19 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 03.8.2022 | 184.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.845.000.000 МКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | 21 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 31.8.2022 | 417.972 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.228.001.736 МКД (продажна вредност) |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 17.10.2022 | 47.120 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.356.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ | 5 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 03.11.2022 | 80.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 80.000 ЕУР |
| КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | 6 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 04.11.2022 | 14.564 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.588.168,44 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 22.11.2022 | 2.480 ОБИЧНИ АКЦИИ | 24.800 ЕУР |
| ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | 6 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 28.11.2022 | 2.600.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 13.000.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ИНВЕСТИЦИИ НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП АД ТЕТОВО | 4 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 02.12.2022 | 26.200 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.310.000 ЕУР |
| РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | - | 23.12.2022 | 199.485 ОБИЧНИ АКЦИИ | 619.999.380 МКД |
| ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ АД СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 29.12.2022 | 40.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.000.000 ЕУР |

## Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2022 година

| |
|---|
| СКОВИН АД СКОПЈЕ |
| АМГ ПРЕМИУМ АД СКОПЈЕ |
| КАРПОШ КОНФЕКЦИЈА АД РАНКОВЦЕ |
| СИЛИКА РУДНИК ЧАЈЛЕ |
| ЛАЈФ ВИЗИОН АД СКОПЈЕ |
| ЦОМА-МОЛ АД СТРУГА |
| 11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТ АД ПРИЛЕП |

**Акционерски друштва кои во 2022 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.**

| |
|---|
| ЗК ПЛАСНИЦА АД |
| ОГРАЖДЕН АД СКОПЈЕ |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2022 година се евидентирани дека се бришани во Ц.Р.**

| |
|---|
| КК СТРУМИЦА АД СТРУМИЦА |
| ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ |
| МЕТРОПОЛИТЕН АД СКОПЈЕ |
| ЕКО ЕНЕРГИЈА АД СКОПЈЕ |
| ЏОМА-МОЛ АД СТРУГА ВО СТЕЧАЈ |
| ПРОЛУКС АД ВЕЛЕС ВО СТЕЧАЈ |
| КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК ЖИ-ВА АД ШТИП ВО СТЕЧАЈ |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2022 година се евидентирани дека се во ликвидација.**

| |
|---|
| БАДЕЛ 1862 АД СКОПЈЕ |
| ФЕМИЛИ ПАРТНЕР АД СКОПЈЕ |
| МАГМА ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |

**Акционерски друштва кои во 2022 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај или ликвидација, или укинато решение за бришење од Ц.Р.**

| |
|---|
| МАГМА ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |

**Акционерски друштва кои во 2022 година издале корпоративни обврзници**

| |
|---|
| УНИ БАНКА АД СКОПЈЕ |
| СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА |

**Акционерски друштва кои во 2022 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото**

| |
|---|
| ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО |

**Акционерски друштва кои во 2022 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2022 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции од ЕУР во МКД**

| |
|---|
| СКОПСКИ ПАЗАР АД СКОПЈЕ |

## Акционерски друштва кои во 2022 година извршиле поделба на акции

| ФК ВАРДАР АД СКОПЈЕ |
|---|